# МЕТАФОРИЗАЦИЈАТА КАКО ПРОЦЕС ВО ПОЛИСЕМИЈАТА ВООПШТО И ВО ПОЕЗИЈАТА

Проф. д-р Виолета Николовска

Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

# МЕТАФОРА

- ФИГУРА НА ЗНАЧЕЊЕТО – ТРОПА
- ОПШТА ГРАМАТИКА НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК: МЕТАФОРАТА Е **ПРЕНЕСУВАЊЕ** НА ЗНАЧЕЊЕТО ОД ЕДЕН ЗБОР НА ДРУГ ВРЗ ОСНОВА НА **СЛИЧНОСТА** НА ПОИМИТЕ ШТО СЕ ОЗНАЧУВААТ СО НИВ.
- СЛИЧНОСТ – ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ЗНАЧЕЊЕ
- ЕДЕН ВИД НА **КОНОТАТИВНО** (ДОПОЛНИТЕЛНО) ЗНАЧЕЊЕ **ВО ЗАВИСНОСТ ОД КОНТЕКСТОТ**
- *ВО ГЛАВАТА МУ ТЕЖЕА **ЦРНИ ОБЛАЦИ**.*
- *ОДЕДНАШ ВЕСТА – / **ЦРНА ПТИЦА** / ПИСНА НАД ГРАДОТ СО ЖАЛЕН КРИК.* – Б. КОНЕСКИ

# МЕТАФОРА

- КОГНИТИВНА ЛИНГВИСТИКА – METAPHORS WE LIVE BY – LAKOFF AND JOHNSON (СТР. 3)
- МЕТАФОРАТА НЕ САМО СРЕДСТВО ЗА ПОЕТСКА ИМАГИНАЦИЈА И РЕТОРИЧКИ УКРАС, ПРЕДМЕТ НА „ЕКСТРАОРДИНАРЕН“ (НЕВООБИЧАЕН, НЕСЕКОЈДНЕВЕН) ГОВОР VS СЕКОЈДНЕВЕН, ОБИЧЕН ГОВОР
- МЕТАФОРАТА Е КАРАКТЕРИСТИКА НА ЧОВЕКОВОТО МИСЛЕЊЕ И АКЦИЈА (СЕКОЈДНЕВНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ)
- КОНЦЕПТУАЛНИОТ СИСТЕМ, ВО РАМКИТЕ НА КОЈ МИСЛИМЕ И ДЕЈСТВУВАМЕ ВО ОСНОВА Е МЕТАФОРИЧЕН
- СЕПАК, ОВА Е ВО РАМКИТЕ НА НЕСВЕСНОТО, ЗАТОА ШТО НИЕ НЕ СМЕ СВЕСНИ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА НАШИОТ КОНЦЕПТУАЛЕН СИСТЕМ, КАКО И ЗА ЈАЗИЧНИОТ СИСТЕМ КОГА ГО ЗБОРУВАМЕ ОСОБЕНО МАЈЧИНИОТ ЈАЗИК

# МЕТАФОРА

- „СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО КОМУНИКАЦИЈАТА Е ЗАСНОВАНА НА ИСТИОТ КОНЦЕПТУАЛЕН СИСТЕМ ШТО ГО КОРИСТИМЕ ПРИ МИСЛЕЊЕТО И ДЕЈСТВУВАЊЕТО (НАШИТЕ АКТИВНОСТИ), ЈАЗИКОТ Е ВАЖЕН ИЗВОР НА ДОКАЗИ ЗА ТОА КАКО ИЗГЛЕДА ТОЈ КОНЦЕПТУАЛЕН СИСТЕМ".
- МЕТАФОРА: ***КАВГАТА Е ВОЈНА***.
- ТВОИТЕ ТВРДЕЊА СЕ НЕОДБРАНИВИ.
- ТОЈ ЈА НАПАДНА СЕКОЈА СЛАБА ТОЧКА НА МОЕТО ТВРДЕЊЕ.
- НЕГОВАТА КРИТИКА УДИРАШЕ ПРАВО ВО ЦЕЛТА.

# МАТФОРА

- МЕТАФОРА: **ЉУБОВТА Е ПАЦИЕНТ** / **ЗДРАВЈЕ.**
- *ТИЕ СЕ ВО НЕЗДРАВА ВРСКА.*
- *ТИЕ ИМААТ СИЛЕН, ЗДРАВ БРАК.*
- *НИВНИОТ БРАК Е МРТОВ, НЕ МОЖЕ ДА ОЖИВЕЕ.*
- **ЉУБОВТА Е ЛУДИЛО.**
- *ЛУД СУМ ПО НЕА.*
- *ПОЛУДЕ ПО НЕА.*
- *ТАА ДЕВОЈКА МЕ ИЗЛУДУВА.*

# МЕТАФОРА

- **ЉУБОВТА Е ВОЈНА.**
- *ТОЈ Е ГОЛЕМ ОСВОЈУВАЧ (НА ЖЕНСКИ СРЦА).*
- *ТАА СЕ БОРЕШЕ ЗА НЕГО, НО ЉУБОВНИЦАТА ЈА ДОБИ ВОЈНАТА.*
- *ТОЈ ЈА ОСВОЈУВА ПОСТЕПЕНО, СО ТРПЕНИЕ.*
- ПРИМЕРИТЕ СЕ ПРЕВОД ОД АНГЛИСКИ, А ВАЖАТ СОСЕМА ПРИРОДНО И ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, ШТО ПОКАЖУВА ДЕКА **МЕТАФОРАТА КАКО КОГНИТИВЕН ПРОЦЕС Е УНИВЕРЗАЛНА КАРАКТЕРИСТИКА.** СЕКАКО, ПОСТОЈАТ И **ЛОКАЛНИ ОСОБЕНОСТИ**, СЕЦИФИКИ, КАКО НА ПРИМЕР МЕТАФОРАТА КАЈ **ФРАЗЕЛОШКИТЕ ИЗРАЗИ** И СЕКАКО ИМА ДРУГИ ПРИМЕРИ.

# МЕТАФОРА

- МЕТАФОРАТА Е ПРИЧИНА ЗА **РАЗВОЈ НА ПОЛИСЕМИЈА** ВО ЈАЗИКОТ (LESLEY JEFFRIES – MEANING IN ENGLISH, 1998: 115
- СПОРЕД ЛЕЈКОФ И ЏОНСОН, НИЕ ВООБИЧАЕНО ГО КОНЦЕПТУАЛИЗИРАМЕ ОНА ШТО Е **НЕФИЗИЧКО (АПСТРАКТНО) ВО РАМКИТЕ НА ФИЗИЧКОТО**, ТОА ПРОИЗЛЕГУВА ОД НАШЕТО ПРОСТОРНО ИСКУСТВО ВО ОСНОВА (LAKOFF AND JOHNSON 1980: 59)
- ЗНАЧИ, ПРАВЕЦОТ НА РАЗВОЈ НА ПОЛИСЕМИЈА БИ БИЛ: КОНКРЕТНО → АПСТРАКТНО

# МЕТАФОРА

- ПРИМЕРИ: *ТОЈ ЈА ФАТИ ТОПКАТА*.
- *ФАТИ ЈА ЗА РАКА!*
- *ФАЌА БЕЛЕШКИ*.
- *ФАЌА НАСТИНКА*.
- *ИЗВИНИ, ТЕ ФАТИВ НА ЈАДЕЊЕ / СПИЕЊЕ* (=ЗАТЕКНАВ)
- *ФРЛИ ЈА ТОПКАТА*.
- *ФРЛИ ПОГЛЕД*.

# МЕТАФОРА

- РАЗБИРАЊЕТО (СФАЌАЊЕТО) Е ГЛЕДАЊЕ – МЕТАФОРА
- *ГЛЕДАМ ДЕКА НЕ МОЖЕШ ДА ИЗЛЕЗЕШ НА КРАЈ СО ПРОБЛЕМОТ.*
- *ГЛЕДАМ ШТО САКАШ ДА КАЖЕШ.*
- *СЕГА ГЛЕДАМ ШТО СИ МИСЛЕЛ ЗА МЕНЕ*.
- *ГЛЕДАМ ДЕКА ТОА НЕ ТИ СЕ ДОПАЃА*.
- *НИКАКО НЕ МОЖЕ ДА ЈА СОГЛЕДА ТАА ВРСКА МЕЃУ ПОЈАВИТЕ ШТО ГИ ПРОУЧУВА.*

# ПОЕЗИЈА – КОНЕСКИ „ВЕЗИЛКА“

- *ВЕЗИЛКЕ, КАЖИ КАКО ДА СЕ РОДИ*
- *ПРОСТА И СТРОГА МАКЕДОНСКА ПЕСНА*
- *ОД ОВА СРЦЕ ШТО СО СЕБЕ ВОДИ*
- *РАЗГОВОР НОЌЕН ВО ТРЕВОГА БЕСНА?*

\- *ДВА КОНЦА, ПАРАЈ, ОД СРЦЕТО, ДРАГИ,*

*ЕДНИОТ ЦРН Е, А ДРУГИОТ ЦРВЕН,*

*ЕДНИОТ БУДИ МОРНИЧАВИ ТАГИ,*

*ДРУГИОТ КОПНЕЖ И СВЕТОЛ И СТРВЕН.*

# ПОЕЗИЈА

- *ПА СО НИВ ВЕЗИ ЕДНОЛИЧНА НИЗА,*
- *ПЕСНА ОД КОПНЕЖ И ПЕСНА ОД МАКА,*
- *КО ЈАС ШТО ВЕЗАМ НА ЛЕНЕНА РИЗА*
- *РАКАВ ЗА БЕЛА НЕВЕСТИНСКА РАКА*.

- МЕТАФОРА: ПЕСНАТА Е ВЕЗ. ПИШУВАЊЕТО ПЕСНА Е ВЕЗЕЊЕ.
- ЧУВСТВАТА ШТО ИЗЛЕГУВААТ ОД СРЦЕТО СЕ КОНЦИ. СЕ ВЕЗЕ / ПИШУВА СО КОНЦИТЕ.
- СИМБОЛИКА: ЦРНА БОЈА – МОРНИЧАВА ТАГА; ЦРВЕНА – КОПНЕЖ И СВЕТОЛ И СТРВЕН.
- БЕЛА БОЈА – БЕЛА НЕВЕСТИНСКА РАКА (НЕВИНОСТА, ЧЕДНОСТА НА НЕВЕСТАТА, МАКЕДОНСКАТА ЖЕНА)
- БЕЛА Е НЕ ЛЕНЕНАТА РИЗА, ТУКУ НЕВЕСТИНСКАТА РАКА. УШТЕ ПОБЛИСКУ СЕ ВРЗУВА БЕЛИНАТА, ЧИСТОТАТА ЗА ЖЕНАТА.

# ПОЕЗИЈА – ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

- ТЕЧАМ И ЈАС, И ЈАС СУМ ТЕК
- ТЕК ГОРКОРЕК, ТЕК НЕДОРЕК,
- ТЕЧАМ И СИ ГО ЗНАМ ВРУТОКОТ,
- СОЛУНОТ НЕ СИ ГО ЗНАМ!
- ЈАС НЕ СУМ ВАРДАР, НИ ЗАВАРДАРЕН,
- НЕ СУМ ПРЕВАРДАРЕН, НИ ПОДВАРДАРЕН
- НЕ СУМ: ВАРДЕН, ТА НЕДОВАРДЕН,
- ЈАС ТЕК БЕЗ ШИРИНА И ДОЛЖИНА!

# ПОЕЗИЈА

- МЕТАФОРА: ПОЕТОТ / ЖИВОТОТ НА ПОЕТОТ Е РЕКА.
- - ТЕК ГОРКОРЕК (ТАКВА Е НЕГОВАТА ПРИКАЗНА), ТЕК НЕДОРЕК … (НЕ Е ДО/ИС/КАЖАНА)
- ИГРА НА ЗБОРОВИ СО ПОИМОТ ВАРДИ/ ВАРДЕН / ВАРДАР (СИ ГО ЗНАМ ВРУТОКОТ, СОЛУНОТ НЕ СИ ГО ЗНАМ; ЈАС НЕ СУМ ВАРДАР….)

- МЕТАФОРАТА ВО ПОЕЗИЈАТА Е ВО ОБРАТЕН ПРАВЕЦ:
- АПСТРАКТЕН ПОИМ → КОНКРЕТЕН ПОИМ
- ОСНОВА НА СИМБОЛИЗМОТ
- (ПР. ПОЕЗИЈА – ВЕЗ; ЖИВОТ – РЕКА)

# МЕТАФОРА

- *БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО.*